**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр 12-4080/2
Скопје 22.09 2017г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14 и бр.132/14), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/o6, 86/o8, 6/1o, 42/14 и 148/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-266 од 21.o9.2o17 година, заведено под наш арх. бр. 12-4080/1 од 21.09.2o17 година, од подносителот на барањет ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, донесе:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.o3o2-266 од 21.o9.2o17 година, заведено под наш арх. бр. 12-4o8o/1 од 21.o9.2o17 година, од подносителот на барањето ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, поради тоа што се однесува на информација со која имателот не располага.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, од подносителот на барањето ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, доставено е Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.o3o2-266 од 21.o9.2o17 година, заведено под наш арх. бр. 12-4o8o/1 од 21.o9.2o17 година, со цел Агенцијата како имател, до подносителот на Барањето да ги достави следните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Колку линковски френкевнции во фиксна служба поседува Радио Слободна Македонија,
2. За кои сервисни з0ни се овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
3. Од која точка А до која точка Б се овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
4. Кога се издадени дозволите за овие линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија,
5. Копии од сите дозволи за издадените линковски фреквенции на Радио Слободна Македонија.

Со оглед на обврските и надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност, кои се наведени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2o14, бр.1o1/14 и бр.132/14), се утврди дека Агенцијата не располага со бараната информација од јавен карактер.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, бр.13/14, бр.44/2014, бр.101/14 и бр.132/14), член 26 ставови 2 и 3 и член 28 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), се донесе заклучок како во дисп0зитивот.

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Правна поука:** Против овој заклучок барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**
- подносителот на барањето ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, ул.„5-та Партиска Конференција" б.б., 2000 Штип;
- Службено лице при остварување на правото на слободен пристап до информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.